АГЕНЦИЈА ЗА
СУПЕРВИЗИЈА НА
ОСИГУРУВАЊЕ

Република Македонија

**Пазарот на осигурување во Република Македонија во третиот квартал од 2017 година**

## 1. Анализа на осигурителниот пазар во Република Македонија

Заклучно со 30.9.2017 година на пазарот на осигурување во Република Македонија работат 16 друштва за осигурување (11 неживотно осигурување и 5 осигурување на живот). Тоа претставува зголемен број на друштвата за осигурување на живот на пазарот во однос на претходниот квартал со почетокот на вршење дејност на Триглав Осигурување Живот АД Скопје. На крајот на третиот квартал од 2017 година (3К2017) во доменот на интермедијацијата на пазарот на осигурување, функционираат 35 осигурително брокерски друштва, 11 друштва за застапување во осигурувањето и 3 банки кои вршат работи на застапување во осигурувањето, што претставува непроменет број на учесници во однос на претходниот квартал.

Во 3К2017 е остварена бруто полисирана премија (во понатамошниот текст: БПП) во вкупен износ од 6,79 милијарди денари, што претставува раст од 2,66 % во однос на БПП остварена во 3К2016 година (3К2016: 6,62 милијарди денари).

Во делот за неживотно осигурување е остварена БПП во износ од 5,85 милијарди денари што претставува раст од 0,92% во однос на минатата година (3К2016: 5,79 милијарди денари), или истата изнесува 86,1% од вкупната БПП на осигурителниот сектор, што претставува пад од 1,48 процентни поени во споредба со 3К2016 година.

Во рамки на одделните класи на осигурување, продолжува трендот на пораст на премијата за автоодговорност од 5,24 % со БПП 3,09 милијарди денари, со пораст на бројот на склучени договори од 3,85 % и пораст на осигурувањето од незгода од 2,65 % со БПП 525,58 милиони денари, со пораст на бројот на склучени договори од 13%. Од друга страна кај осигурувањето на имот продолжува трендот на пад од 10 % со БПП 1,14 милијарди денари (3К2016: 1,26 милијарди денари), при истовремен раст на бројот на склучени договори од 1,8 %. Кај каско осигурувањето состојбата е речиси непроменета со остварена БПП која изнесува 575,34 милиони денари, со пораст од 0,01% во однос на 3К2016 година, при истовремен пораст на бројот на склучени договори од 2,75 %.

Кај осигурувањето на живот е остварена БПП во износ од 947,91 милиони денари (3К2016: 825,16 милиони денари), што претставува пораст од 14,88%. Осигурувањето на живот учествува со 13,9% во вкупната БПП на осигурителниот сектор. Позитивниот тренд е присутен и кај двете класи на осигурување на живот, при што кај традиционалното осигурување на живот продолжува позитивниот тренд на пораст на БПП во износ од 882,3 милиони денари (3К2016: 789,1) што претставува пораст од 11,83 %, при изразен пораст на бројот на ново-склучени договори за осигурување на живот од 54,49 %, и тоа претежно од типот на термински договори за осигурување на живот (ризико). Кај осигурување на живот кога инвестициониот ризик е на товар на осигуреникот продолжува големиот тренд со пораст од 81,53% со остварена БПП од 65,53 милиони денари (3К2016: 36,09), при речиси непроменет број на склучени договори со пад од 0,48 %.

Во периодот 1.1. – 30.9.2017 година склучени се 1.435.975 договори за осигурување што претставува пораст од 7,33% во однос на минатата година (3К2016: 1.337.894). Преглед на трендовите е даден во табелата бр.1

Табела бр.1: Бруто полисирана премија и број на склучени договори (000 денари)

| **Класа** | **Бруто полисирана премија** | | | **Број на договори** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 3К2017 | 3К2016 | ∆% | 3К2017 | 3К2016 | ∆% |
| **Автомобилска (О)** | 3.097.576 | 2.943.363 | ▲ 5,24% | 578.157 | 556.717 | ▲ 3,85% |
| **Имот (вкупно)** | 1.139.990 | 1.266.829 | ▼ 10,01% | 75.382 | 74.048 | ▲ 1,80% |
| **Живот** | 882.383 | 789.068 | ▲ 11,83% | 11.139 | 7.210 | ▲ 54,49% |
| **Моторни возила (каско)** | 575.337 | 575.301 | ▲ 0,01% | 33.122 | 32.235 | ▲ 2,75% |
| **Незгода** | 525.587 | 512.043 | ▲ 2,65% | 354.328 | 313.501 | ▲ 13,02% |
| **Општа (О)** | 165.331 | 167.958 | ▼ 1,56% | 28.39 | 23.606 | ▲ 20,29% |
| **Туристичка помош** | 163.735 | 150.622 | ▲ 8,71% | 348.409 | 324.535 | ▲ 7,36% |
| **Живот (Инв.Удели)** | 65.530 | 36.099 | ▲ 81,53% | 1.041 | 1.046 | ▼ 0,48% |
| **Стока во превоз (карго)** | 55.872 | 58.925 | ▼ 5,18% | 2.199 | 2.015 | ▲ 9,13% |
| **Здравствено** | 54.168 | 41.143 | ▲ 31,66% | 1.5 3 | 1.115 | ▲ 37,49% |
| **Финансиски загуби** | 30.478 | 28.445 | ▲ 7,15% | 1.365 | 1.046 | ▲ 30,50% |
| **Воздухоплови (каско)** | 30.142 | 43.879 | ▼ 31,31% | 10 | 4 | ▲ 150,00% |
| **Воздухоплови (О)** | 6.471 | 6.472 | ▼ 0,02% | 41 | 24 | ▲ 70,83% |
| **Гаранции** | 3.710 | 532 | ▲ 597,37% | 178 | 184 | ▼ 3,26% |
| **Пловни објекти (О)** | 2.435 | 2.153 | ▲ 13,10% | 619 | 576 | ▲ 7,47% |
| **Пловни објекти (каско)** | 1.018 | 797 | ▲ 27,73% | 41 | 31 | ▲ 32,26% |
| **Правна заштита** | 11 | 0 | | 13 | 1 | ▲ 1200,00% |
| **Кредити** | 0 | 0 | | 2 | 0 | |
| **Вкупно** | 6.799.774 | 6.623.629 | ▲ 2,66% | 1.435.975 | 1.337.894 | ▲ 7,33% |

Друштвата за осигурување во анализираниот период исплатиле бруто - износ на штети од 2,44 милијарди денари. Во споредба со истиот период минатата година, бруто исплатените штети бележат пад од 7,64% (3К2016: 2,62 милијарди денари). Истовремено, бројот на ликвидирани штети се поголеми за 5,17% во однос на 3К2016 (Табела бр.2)

Табела бр.2: Бруто исплатени штети и број на ликвидирани штети

| **Класа** | **Бруто исплатени штети** | | | **Број на ликвидирани штети** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 3К2017 | 3К2016 | ∆% | 3К2017 | 3К2016 | ∆% |
| **Автомобилска (О)** | 1.279.515 | 1.124.522 | ▲ 12,11% | 19.631 | 19.115 | ▲ 2,63% |
| **Моторни возила (каско)** | 364.020 | 287.848 | ▲ 20,93% | 6.389 | 5.462 | ▲ 14,51% |
| **Имот (вкупно)** | 273.473 | 296.035 | ▼ 8,25% | 5.386 | 5.543 | ▼ 2,91% |
| **Незгода** | 269.008 | 285.253 | ▼ 6,04% | 5.430 | 5.584 | ▼ 2,84% |
| **Живот** | 163.921 | 142.412 | ▲ 13,12% | 1.514 | 1.321 | ▲ 12,75% |
| **Општа (О)** | 40.097 | 18.964 | ▲ 52,70% | 182 | 150 | ▲ 17,58% |
| **Туристичка помош** | 37.851 | 31.304 | ▲ 17,30% | 2.129 | 1.970 | ▲ 7,47% |
| **Здравствено** | 6.724 | 1.851 | ▲ 72,47% | 676 | 50 | ▲ 92,60% |
| **Стока во превоз (карго)** | 2.777 | 4.193 | ▼ 50,99% | 40 | 59 | ▼ 47,50% |
| **Пловни објекти (каско)** | 817 | 1.354 | ▼ 65,73% | 1 | 1 | ▲ 0,00% |
| **Живот (Инв.Удели)** | 398 | 0 | ▲ 100,00% | 16 | 0 | ▲ 100,00% |
| **Финансиски загуби** | 118 | 60 | ▲ 49,15% | 39 | 35 | ▲ 10,26% |
| **Воздухоплови (О)** | 0 | 20.247 | | 0 | 1 | |
| **Кредити** | 0 | 40 | | 0 | 0 | |
| **Воздухоплови (каско)** | 0 | 410.837 | | 0 | 1 | |
| **Гаранции** | 0 | 12 | | 0 | 0 | |
| **Вкупно** | 2.438.719 | 2.624.932 | ▼ 7,64% | 41.433 | 39.292 | ▲ 5,17% |

Во доменот на пазарната концентрација во делот на неживотното осигурување, бројот на друштвата кои го поминуваат прагот на учество над 10 % во вкупната БПП е 5. При тоа, учеството на пазарните водачи е следното: Триглав осигурување со 17,5 % (3К2016: 17,5%), Осигурување Македонија со 12 % (3К2016: 13 %), Евролинк со 11,6 % (3К2016: 11,1 %), Винер со 10,2 % (3К2016: 11,5 %) и Сава со 10,2 % (3К2016: 10,1 %). Во делот на осигурување на живот доминантно учество заземаат Кроација живот со 42,7 % (3К2016: 41,3 %) и Граве со 35,7 % (3К2016: 37,5 %).

Во структурата на каналите на продажба најголемо учество има директната продажба со 51,1 %. Разложено по групи на осигурување, кај друштвата за осигурување на живот најзначаен канал на дистрибуција се осигурително брокерските друштва со 49,9 %, додека

пак кај неживотното осигурување доминира каналот на директната продажба со 56,7 % (Табела бр.3).

Табела бр.3: Структура на канали на продажба по групи на осигурување (000 денари)

| Канали на продажба | (н) 3К2017 | % | (ж) 3К2017 | % | (в) 3К2017 | % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| директна продажба | 3.320.002 | 56,7% | 151.755 | 16,0% | 3.471.757 | 51,1% |
| Осиг. брокерски друштва | 1.256.560 | 21,5% | 473.220 | 49,9% | 1.729.780 | 25,4% |
| Застапници во осигурување | 686.958 | 11,7% | 88.786 | 9,4% | 775.744 | 11,4% |
| Друштва за застапување во осиг. | 532.380 | 9,1% | 113.913 | 12,0% | 646.293 | 9,5% |
| Туристички агенции | 28.331 | 0,5% | 0 | 0,0% | 28.331 | 0,4% |
| Банки | 20.052 | 0,3% | 120.133 | 12,7% | 140.185 | 2,1% |
| Автосалони | 4.892 | 0,1% | 0 | 0,0% | 4.892 | 0,1% |
| Останати дистрибутивни канали | 2.684 | 0,0% | 0 | 0,0% | 2.684 | 0,0% |
| Вкупно | 5.851.859 | 100% | 947.807 | 100% | 6.799.666 | 100% |

На крајот од третиот квартал од 2017 година вкупниот капитал на друштвата за осигурување изнесува 5,81 милијарди денари. Маргината на солвентност како главен индикатор за проценка на стабилноста на осигурителниот сектор изнесува 1,39 милијарди денари (кај неживотното осигурување 1,14 милијарди денари, а кај осигурувањето на живот 256.6 милиони денари), со што капиталот на осигурителниот сектор е 4,16 пати над потребното ниво на маргината на солвентност.

Со состојба на 30.9.2017 година, друштвата за неживотно осигурување го исполнија минималното потребно ниво на средства коишто ги покриваат техничките резерви. Вложувањата на средствата од техничките резерви во рамки на оваа група изнесуваа 6,75 милијарди денари и покриваа 106,6% од техничките резерви кај овие друштва. Кај друштвата коишто работат осигурување на живот, пак, вкупните вложувања на средствата кои ги покриваат техничките резерви и математичката резерва на 30.9.2017 година изнесуваат 4,13 милијарди денари, односно покриеноста на техничките резерви и математичката резерва изнесуваше 103,70%.

Во 3К2017 година, друштвата за неживотно осигурување најголем дел од средствата коишто ги покриваат техничките резерви ги пласираа во должнички хартии од вредност издадени од Република Македонија (49,46%), депозити во банки (40,50%), удели во инвестициски фондови (5,32%), парични средства во благајна и во банка (2%), акции со кои се тргува на регулиран пазар за хартии од вредност во РМ (1,36%), во хартии од вредност со седиште на

издавачот во ЕУ или ОЕЦД (1,13%), акции со кои не се тргува на регулиран пазар за хартии од вредност во РМ, доколку нивниот издавач е правно лице со седиште во РМ (0,09%) и акции издадени од странска акционерска компанија со кои се тргува на регулиран пазар на хартии од вредност во земјите-членки на ЕУ или земјите-членки на ОЕЦД (0,15%). Друштвата за осигурување на живот најголем дел од средствата коишто ги покриваат техничките резерви ги пласираа во должнички хартии од вредност издадени од Република Македонија (76,31%), банки (19,93%), удели во инвестициски фондови (1,40%), парични средства во благајна и во банка (1,60%) и во други финансиски инструменти (0,77%).